**ISBN 978-9989-724-89-3**

**ЗБОРНИК ОД НАУЧНИОТ СОБИР ПОСВЕТЕН НА ПРОФ. Д-Р АТАНАС ВАНГЕЛОВ (15-16.12.2009), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2010 год., стр.221-229с**

**Д-р Луси Караниколова**

# СО „ЦВЕТ“ ЗА „ЦВЕТОТ“

## 1. Пристап

Посакав да пишувам за поезијата на професорот Атанас Вангелов. Барав заглавие за мојот текст. Цели шест дена. Небаре требаше да создадам нов свет. Го најдов во мигот кога пред мене навистина се распосла цел еден свет. Навидум различен од овој нашиот, господовиот, свет што почнал да се создава уште пред јас да се родам. Уште во „Земјата на цветот“ (1966 г.)

Посакав да „влезам“ во тој свет, да најдам заеднички именител за сиот „цветен универзум“ на Вангелов и, како што обично бидува-да конструирам модел, да направам анализа, да дадам заклучок и, така, подготвена да дојдам на симпозиум.

„Каменот на сопнување“ ми се испречи кога прочитав само девет песни од поетската збирка „Земјата на цветот“. Таа книга, чии виолетови корици од едно од првите нејзини изданија ми беа пред очи уште како дете, требаше да ја прочитам сега, веќе возрасна, после толку многу исчитани редови од Учителот. Деветте песни кон кои го фокусирам своето внимание во оваа прилика, за мене навистина значеа откривање на еден нов свет. Љубам да го наречам „Планета на цветот“. И, ќе бидам искрена: бев исправена пред дилемата-како да $ пристапам на оваа семантички обременета поезија која, во моментите додека ја читаш, интуитивно ја сфаќаш нејзината длабочина, а кога треба да ја коментираш-зборовите стануваат претесни.

Се одлучив, третманот на „цветната поетика“ на Вангелов да го направам според класичната семиотичка постапка-семиоза, во духот на експертизите на

Мајкл Рајфатер и Чарлс Сандерс Пирс, а откако претходно, секој од „деветте цвета“ ќе биде сведен на симбол, односно метафора.[*]

## 2. Генералии

Не кажувам ништо ново ако речам дека поезијата од стихозбирката „Земјата на цветот“ е поезија за поезијата, дека оваа поезија е во потрага по начинот на раѓањето на зборот, поезија, каде што поетолошки се кажува „како се случува поезија“. Зашто имено, многу се напиша до сега за неа.

Тодор Чаловски ќе ја оквалификува како „...Инкарнација на целокупното духовно понирање во најнедостапните и најнепроверени тајни на човековата лирска природа“[1]. Според Влада Урошевиќ, „... Поезијата е главна тема на неговите песни“[2] За Данило Коцевски пак, таа претставува „...Обид да се разјасни големата енигма на човекот“[3] Првите критички впечатоци по однос на цветниот корпус на Вангелов се речиси идентични кога станува збор за неговата основна преокупација-цветот како симбол или метафора на зборот: Цветот претставува „...Свет на постојано поетско откривање“[4] Или: Во оваа поезија „...се внесува свеста за песната... и се врши дополнителна поетизација на поетскиот чин„[5], како и коментарот од типот: „...Откако ја потврдува моќноста на цветот како симбол, ја истакнува неговата функционалност-*раѓањето на зборот со неговите симболички искуства и впечатоци*“.[6] (курзив Л.К.)

---

[*] Како базичен модел се ползуваат експертизита на Мајкл Рајфатер и Чарлс Сандерс Пирс по однос на начинот на третман на литерарно-дијалектичкиот процес *семиоза.* Имено, според Рајфатер, под семиоза се подразбира литерарен дијалектички процес на квалитативна трансформација на значењето во смисла, т.е. семиотички преод од рамништето на значењето на нивото на смислата. За Пирс пак, ниеден поим (=знак) не е сам по себе заклучен, ами бара потврда, натамошно објаснување. Појавата според која, еден знак се однесува на друг знак, така што генерира бесконечна низа знаци, Пирс ја нарекува семиоза. Види: Miroslav Beker: *Semiotika književnosti, Zavod za znanost o književnosti Filzofskog fakulteta u Zagrebu,* Zagreb, 1991, str. 33-40, str.111-131.

[1] Тодор Чаловски: *Понирање во тајните на цветот,* во Белези, бр.1, Скопје, 1967.

[2] Влада Урошевиќ: *Загадочниот цвет на поезијата,* во Разгледи, бр.3, Скопје, 1972.

[3] Данило Коцевски: *Еден обид да се разјасни цветот,* во Разгледи, бр.10, Скопје, 1972.

[4] Тодор Чаловски: *Доживувањето на поетскиот свет на Атанас Вангелов,* предговор кон: Атанас Вангелов: *Изучување на молкот, Едиција македонска книжевност,* НИД *Микена,* Битола, 2008, стр.7

[5] Влада Уросевиќ, цитирано според Тодор Чаловски: *Доживувањето на поетскиот свет на Атанас Вангелов,* op.cit. стр.8

[6] Слободан Мицковиќ: *Поетските метаморфози на цветот,* во Разгледи, бр.10, Скопје, 1972.

И после повеќе од четири децении од нејзиното прво издание, оваа поетска книга и натаму е провокативна и актуелна. Не само затоа што јас сега првпат посериозно $ се посветив, или подобро „ја открив“, туку токму заради нејзината универзалност. А станува збор за поетско првенче на Вангелов, преку кое тој се етаблира како поет на т.н. „четврта македонска повоена поетска генерација“, односно „поети родени во слобода“.

Структурниот поредок на секоја од песните го претпоставува цветот како матрица, т.е. генератор на речиси истоветно значење. Опитниот читател во него ќе го препознае зборот, ќе ја препознае уметноста, но и напорот и благодетта што ги пружа творечкиот чин. Секоја од песните се одликува со прекршен стих и различни пропорции лиричност, наративност и премолчан начин на создавање поезија. Унифициранaта симболика е доминантен, речиси агресивен реторички ентитет, кој на места $ отстапува простор и на понежната, па и полирска метафора. Тоа всушност значи дека, технички, експанзијата на значењето[*] во целата поетска збирка не е многукратно, иако неговите показатели на миметичко ниво се раскошни. Поезијата за цветот повеќе „дозволува“ да биде интерпретирана од гледна точка на процесот на т.н. конверзија, која „...поставува еквиваленција (=истовредност), претворајќи повеќе знаци во еден „заеднички“[7] Со други зборови, на ниво на значење (=миметичко рамниште), оваа поезија „манипулира“ со цветот повеќе како симбол, помалку како метафора, додека полето на смислата „се заситува“ со зборот, со поетскиот чин како заеднички именител на “цветната поетика“ од површинското рамниште.

## 3. Демонстрација

Аналитичкиот пристап кон „цветниот свет“ на Вангелов става на показ поезија на која наративноста не $ е туѓа. Станува збор за необичен спој од лирска и епска составка (а сепак не се работи за поеми), кои суверено го чуваат

[*] Кога станува збор за експанзија, како начин на производство на поетски текст, го имаме предвид мислењето на Мирослав Бекер како процес на „...претворање на основните/конститутивни делови на реченицата во посложени облици“. Види: Miroslav Beker: *Semiotika književnosti,* op. cit. str. 122

[7] Miroslav Beker: *Semiotika književnosti,* op. cit. str. 122

својот иманентен интегритет, сѐ дотогаш додека не се претопат една во друга. Тие, во овие песни речиси секогаш стануваат едно. Впрочем, тонот на оваа поезија е таков-хибриден. Стилскиот концепт пак на оваа поетика, заправо на одбраната „китка“ од девет цвета допушта најнапред, феноменот-цвет да се третира како симбол, односно метафора.*

***„Цветот-симбол“***

Во колективното искуство на народите од светот, цветот се одликува со мошне разгранета симболика. Највоопштено зборувајќи, цветот претставува „симбол на пасивниот принцип“, но и „слика на духовните доблести и (...) духовното совршенство“. Чашката на цветот пак, претставува „упориште на небеската активност“. Во јапонската традиција, цветот се смета за „модел на развитокот на појавниот свет, модел за развиток на спонтана, неизвештачена, но сепак совршена уметност“. Кај Јапонците, цветот е и „знак на растителниот циклус, збир на животниот циклус и неговото минливо значење“. Мошне возбудлива е симболиката на цветот во келтската традиција. Имено, овде, цветот претставува „(...)симбол на непостојаноста, но не на превртливоста својствена на жената, туку на битната непостојаност на човековото суштество, препуштено на непрекинат развој, а посебно на краткотрајноста на убавината“.[8] Со други зборови, за Келтите цветот го подрзбира перманентниот развој на човекот, неговата вечна еволуција. Се чини, цветот на Вангелов мошне многу ја носи во себе ваквата симболика, веројатно интуитивно, зашто овој цвет,

---

* Ако метафората подразбира задолжително присуство на два поима што се споредуваат и ако споредбата е нејзиниот основен принцип, симболот „содржи“ само еден поим кој се однесува на нешто, т.е. на друг, поширок поим и во неговата основа споредбата отсуствува. „Метафората...може да произлезе од компарацијата. Но, таа не се ограничува само на тој спој туку се проширува како слика што заменува друга слика. Навистина, бесмислено би било тврдењето дека таа *заменува* само поради *заменување,* поради ефект... Класичната дефиниција тврди дека *метафората* се создава со замена на една слика, еден поим, со друга слика, друг поим според *сличностите што ги имаат двете слики, двата поима*...Метафорични елементи секако има и *симболот,* со кој-во најосновни црти речено-еден апстрактен поим или појава се конкретизираат така што се заменуваат со некој материјален предмет кој така го добива определеното и утврдено значење на квалитетот и вреноста на конкретната претстава.“ Види: Геори Сталев: *Македонскиот верс, Македонска книга,* Скопје, 1970 година, особено стр. 97 и 110.

[8] Види: J. Chevalier, A. Gheerbrant: *Rječnik simbola,* Nakladni zavod Matice hrvatske, Zagreb, 1983 godina, str.81

најмногу од сè се однесува на поетскиот и поетовиот, на уметничкиот и оној на уметникот, па со тоа и на вечниот човеков развиток-како самоспознавање, како постојано самооткривање, како непрекинато разголување на потенцијалот на зборот.[*]*

Во песната „Цвет“, на симболот на цветот му се случува двократна трансформација: еднаш се поедноставува во метафора, која пак, потоа се преобразува во чиста споредба. Во стиховите над кои е надвисната афирмативна негација, кога цветот го има во „окото на птицата“, тогаш тој е симбол на непобедлива, цврста и стамена убавина; кога се наоѓа „во празнината на тајната“, тој е бесконечна, а очигледна премолчаност; кога пак, ќе се сретне „во дворецот на песната“, цветот станува вечна недостижност. Многу спонтано и ненаметливо симболот „се упростува“ во метафора на „болот по кој се копнее“, на „слатката измама“, а оваа пак, експлицитно се трансформира во компарација „како зборот што не можам да го изговорам“.[9]

Наративната димензија на песната „Тајната на цветот“ ги нуди симболите-„оган“, „боја“, „ноќ“ и „вода“. Пошироките поими на кои тие се однесуваат, а притоа постојано подразбирајќи го зборот како своја суштина, имплицираат дијалектичка противречност. Зборот знае да стопли и да изгоре-како оган; да биде темен и светол-како боја; таинствен како ноќ и јасен како ден; да биде деструктивен, но и животворен-како водата.

Скриената, а едновремено и толку очигледна лиричност интегрирана во овие стихови, го носи во своите пазуви „високиот“ збор-не оној разговорниот, булеварскиот, ами творечкиот, поетскиот.

---

[**]Со ова, симболиката на цветот сè уште не се исцрпува. Имено, кај древните Маи цветот е симбол на блудот. Во цивилизацијата на Ацтеките пак, „...се чини дека цветот искажувал крајна разноликост на универзумот, прелевање и благородност на божјите дарови; но, тој мошне општ симболизам, овде е поврзан со правилниот тек на времето и со космогониските доба; изразувал посебни фази во односите меѓу луѓето и боговите. Цветот бил мерка на тие односи“. Во грчката митологија, цветот е симбол на душите на умрените. Види: J. Chevalier, A.Cheerbrant: *Rječnik simbola,* op.cit. str. 82,83

[9] Атанас Вангелов: Од *Земјата на цветот,* во книгата: Атанас Вангелов, *Водопад, Детска радост,* Скопје, 1998 год. стр.7. Во натамошниот текст, бројот на страниците на цитираните стихови ќе стојат во загради, веднаш после цитатот.

Во доминантно наративниот поредок на поетскиот запис „Цветот како ненапишана песна“, одговорноста за сите „ненапишани песни“ на овој свет ја има, никој друг, освен цветот, зашто тој „...може единствено да објасни сè“. Овде, најмаркантниот симбол, покрај сите ненасликани „цртежи на сонцето над водите“ и „последниот говор на залезот“, освен „знаците што ги будат дождовите/во семката и гласот“ е-цветот. Читај-зборот! Лирскиот призвук во овие стихови доаѓа од скриениот потенцијал на цветот, односно зборот, зашто само тој може да го пополни „списокот ненапишани песни“ (9).

Песната „Анатомија на цветот“ содржи речиси еднакви пропорции наративност и лиричност. Оттука и правото да биде наречена мини-поема. Имено, токму кавалерскиот сооднос меѓу лирското и епското во овие стихови, допушта да се одговори на предизвикот за „градбата на цветот“. Стожерниот симбол-цвет, алијас збор, го провоцира прашањето: Кои се составките на цветот? Одговорот вграден во овие стихови го разложува цветот на елементите-птица, ветер и дожд. Тие пак, натаму, ја наметнуваат дилемата: Дали поетот има доволно мудрост, доволно сила и способност да го „опее“ она што го прават птицата, ветрот и дождот? Дали зборот и поезијата се доволно моќни да $ парираат и да ја подражаваат природата во својот израз? Веројатно, поетот вечно ќе трага по одговор.

Симболиката на цветот во песната за „градбата на цветот“ добива на интензитет и се качува барем едно стилско и структурно скалило погоре: цветот останува да биде цвет, и зборот останува збор, но тука сигурно и речиси експлицитно се проширува, вградувајќи ја во себе, а едновремено и самиот интегрирајќи се во сферата на поезијата. Таму каде што цветот е секогаш повеќе од цвет и зборот повеќе од збор!

Цветот, како доминантен симбол во „цветната поетика“ на Вангелов, во песната „Пред вистинскиот говор на цветот“ се разложува на неопходните за живот составки: ветер (=воздух), дожд (=вода), земја и оган. Небаре, она што е загатнато во „Анатомија на цветот“, треба веднаш да се одгатне. Дисторзијата на цветот во овие стихови допушта препознавање и на еротскиот принцип, присутен во митологиите на древните народи: „машкиот“ дожд ја оплодува

„женската“ земја кај старите Грци, а „машките“ реки ја оплодуваат повторно „женската“ земја кај старите Египјани. По таков начин разголена, симболиката на цветот е достојна да им даде закрила преку себе, преку зборот и поезијата на природата, на човекот, на животот воопшто. Таков е „говорот на цветот“- уметнички пандан на стварниот свет.

Последната од селектираните песни со симболичка конотација носи наслов „Пепелта на цветот“. Со неа се затвора циклусот „поезија за цветот“, кој пак, опсервиран од вакво стојалиште, дозволува тука да се препознае дел и од „светската“ и универзална симболика на цветот: промените на растителниот циклус и животниот циклус, воопшто. И секако, она што сум склона да го детектирам и, ќе си дозволам да речам, да го дијагностицитам во оваа поетика: човековата постојана променливост, непрекинатиот раст на поетот низ своето творештво, вечната потреба на homosapiens-от за „воскреснување“ и повторно раѓање. Ако никако поинаку, тогаш барем биолошки-преку потомството и интелектуално-преку делата. Ете затоа, во „Пепелта на цветот“, некаде меѓу стиховите, ѕирка скриен митскиот Феникс, зашто само тој може повторно и повторно да се раѓа од пепелта на својата смрт.

***„Цветот-метафора“***

Во „цветната поетика“ на Атанас Вангелов цветот е цвет, заправо збор. Еднаш симбол, другпат метафора. Иста суштина со различна стилска одежда. Метафоричниот приказ на цветот е забележителен во три од деветте „цветни“ песни: „Обид да се објасни потеклото на цветот“, „Цветот како подарок“ и „Цветот што нема да го именувам“. И тука, метафората повеќекратно се прекршува и, на места се трансформира повторно во симбол.

Цветот „води потекло“ од силината на огнот (зашто огнот е метафора на конструктивната енергија и на топлината на чувството кога тој, зборот, се создава), од шумата што е „...постара од твоето траење/од жарот што ти се укажал во крвта“ (затоа што зборот е секогашен, вечен, траен). И повторно, низ лирско-епскиот тон на оваа песна за „генезата на цветот“, цветот е како оган,

како шума, како жар. Цветот е она „...нешто што затоплува/...што се насетува оддалеку/...што не се знае/нешто за кое се прашува“ (12). Впрочем, цветот е метафора на зборот.

Кога цветот може да биде подарок? Тогаш кога има мирис, а зборот има смисла. Тогаш кога цветот и зборот имаат „интересна биографија“, „неверојатно минато“ и „проверена иднина“. Она пак, што ги прави стиховите на песната „Цветот како подарок“ уникатни е интензивното присуство на лирскиот субјект во нагласеното наративно опкружување. А тој пак, лирскиот субјект, не е никој друг освен поетот којшто му делегира задачата на цветот: „...да научи/да ги изговара зборовите/што ќе му ги одберам/или пак низ мирисот/да им се доближува“ (13) Оттука, цветот е метафора на подарок, а пак подарокот е повторно метафора на зборот. Но, цветот е и средство преку кое поетот го најавува својот поетски долг, зашто и самиот е задолжен, од никој друг ами од цветот.

На „двојна метафора“ на цветот се наидува и во последната од одбраните за анализа девет песни, „Цветот што нема да го именувам“. Цветот најнапред се споредува со крал, кому поетот му измислил „светли дворци“ и со „песна како птица“ закачена на дрво, за потоа, експлицитната споредба да се преобрази во метафора на бесконечноста на зборот, неговата неисцрпна сила која поетот секогаш, повторно и повторно треба да ја открива (14).

### *Семиозата на цветот*

Семиоза, како што го нарекоа литерарно-дијалектичкиот процес на квалитативна трансформација на значењето во смисла, таткото на семиотиката, Чарлс Сандерс Пирс и еминентниот литературолог Мајкл Рајфатер, доволно долго и доволно исцрпно се експлоатира и во теоријата на стихот и во теоријата на прозата. Поезијата за цветот на Атанас Вангелов е мошне податна за на неа да се аплицира овој процес.

На ниво на значење (=миметичко рамниште) се наоѓаат сите цветни симболи и метафори, во таков облик во каков што се среќаваат во стихот. Како постапка

на продукција на поетски текст, експанзијата на „симболот на цветот“ овде, ги подразбира ентитетите: птица, тајна, „дворец на песната“, оган, боја, ноќ и вода, потоа синтагмите „цртежи на сонцето“, „говор на залезот“, „кружење на птицата“, и повторно птица, па ветер и дожд, и пак ветер, дожд, земја и оган, па уште еднаш птица, води, залез и пепел. Ова е билансот од присуството на симболот на цветот, заправо неговата експанзија на миметичко рамниште. Експанзијата на „метафората на цветот“ пак, на ова ниво се заситува преку присуството на ентитетите: оган, шума, „жарот...во крвта“, потоа и крал, па „светли дворци“, и најпосле „песна закачена на дрво како птица“. Овие се во изолирана форма, поетските конструкти со кои се манипулира на нивото на значење во одбраните за анализа девет „цветни песни“. Дури и кај неопитниот читател на оваа поезија нема да отсуствува впечатокот дека станува збор за очигледни и најлегитимни составки на природата. Тоа е и логично кога се чита поезијата која уште во заглавието го најавува опевањето на цветот. Но, она што го возбудува веројатно секој еден што потемелно ќе $ пристапи на оваа лирика е сознанието дека значењето „ескалира“ и се преобразува уште на ова површинско рамниште од анализата. Продлабочениот оптикум кон „цветната поетика“ на Вангелов дури и на миметичко ниво дозволува доближување до она што значи универзално значење, поточно разголена симболика на цветот, во таква форма во каква што е детерминирана во традицијата на народите од светот. Ќе ги препознаеме тука и фазите на растителниот и животниот циклус, ќе ги пронајдеме и љубовта и складноста кои владееле во праисконската природа, ќе ни се претстави и непостојаноста на човековата природа, ќе се соочиме и со составките на природата и на светот. Тоа впрочем упатува на мајсторството на поетската постапка, кое можеби е само интутитивно, но е маркантно и уникатно.

Од друга страна пак, таквата ескалација на значењето придонесува за негово полесно „прелевање“ во длабинското ниво кое е територија на смислата. Технички, продукцијата на смислата се прави преку постапката на т.н. конверзија, кога мноштвото знаци ќе се интегрираат во еден, заеднички. Имено, фреквенцијата на ентитетот-цвет во оваа поезија е толку интензивна што

воопшто не претставува проблем препознавањето на матрицата на смислата. Тоа секако е феноменот-цвет, кој и тука, во полето на смислата се трансформира барем уште еднаш. Имено, цветот ги обединува симболите и метафорите од рамништето на значењето по таков начин што ги „стопува“ во себе. Оваа поезија тоа го дозволува, зашто составот на цветот и неговите „претставници“ на миметичко рамниште е ист. Нивната генеза е иста. Токму потеклото на цветот придонесува за втората преобразба на ова рамниште и последна на цветот, кога како читатели и проследувачи на оваа поезија доаѓаме до запрепастувачкото, а едновремено толку едноставно „откритите“ дека цветот во своите пазуви го носи зборот. Смислата се заситува со зборот, со поезијата, со творештвото и творечкиот чин, со уметноста и, на крајот на краиштата со убавината. Цветот е моторната сила на оваа поетика, зборот е матрицата која ги раѓа и им дава закрила на сите распрснати „цветни“ составки на „цветниот универзум“ на Вангелов.

## 4. Коментар

Посветениот проучувач на литературата многу добро знае дека воопшто не е лесно да се „роди“ зборот. Поетот тоа го знае уште подобро.

Во поетската книга „Земјата на цветот“, зборот се раѓа од цветот, но и цветот се раѓа од зборот. Ако цветот е убавина сама по себе, тогаш цветот роден од зборот и зборот роден од цветот е убавина, par excellence.

Цветот во „цветната поетика“ на Вангелов ја носи убавината во сржта на својата суштина. Таа пак е продукт на неговото потекло: моќта на зборот, мудроста на зборот, силата на зборот, болката и среќата во часот на раѓањето на зборот.

Ако успеав во овој мој обид со збор да му се доближам на зборот и-на цветот, ако барем малку ме допре неговата моќ, ако успеав барем да го „помирисам“ цветот, тогаш можеби и ќе бидам во право што на овој мој текст му дадов наслов „Со цвет за цветот“. Ако и само ако одговорот е потврден, тогаш тоа му го должам нему. На УЧИТЕЛОТ. Тој ми го покажа патот.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Beker, Miroslav: Semiotika književnosti, Zavod za znanost o književnosti Filzofskog fakulteta u Zagrebu, Zagreb, 1991;
2. Коцевски, Данило: Еден обид да се разјасни цветот, во Разгледи, бр.10, Скопје, 1972;
3. Мицковиќ, Слободан: Поетските метаморфози на цветот, во Разгледи, бр.10, Скопје, 1972;
4. Урошевиќ, Влада: Загадочниот цвет на поезијата, во Разгледи, бр.3, Скопје, 1972;
5. Чаловски, Тодор: Доживувањето на поетскиот свет на Атанас Вангелов, Предговор кон: Атанас Вангелов: Изучување на молкот, Едиција македонска книжевност, НИД Микена, Битола, 2008;
6. Чаловски, Тодор: Понирање во тајните на цветот, во Белези, бр.1, Скопје, 1967.

**Д-р Луси Караниколова**

**Со „цвет“ за „цветот“**

## Р Е З И М Е

Статијата „Со цвет за цветот“ ја третира „цветната поетика“ во стихозбирката „Земјата на цветот“ од Атанас Вангелов. Предмет на анализа се девет песни, на кои им се пристапува според класичната семиотичка постапка-семиоза, во духот на експертизите на Мајкл Рајфатер и Чарлс Сандерс Пирс, откако претходно, секој од деветте цвета ќе биде сведен на симбол, односно метафора.

Целта на анализата е да се „разобличи“ симболот, односно метафората на цветот, кој во своите пазуви го носи зборот, моќта на зборот, мудроста на зборот, болката и среќата во часот на раѓањето на зборот.

**Клучни зборови:** цвет, збор, „цветна поетика“, цвет-симбол, цвет-метафора, семиозата на цветот.

**Lusi Karanikolova,**

## With "flower" for "The flower"

## ABSTRACT

The article "With "flower" for "The flower"" treats "flowering poetics" in poetry book" Earth in Flower" by Atanas Vangelov. Subject to analysis of nine songs, which are accessed by classical semiotic approach-semioza, in the spirit of the expertises of Michael Rajfater and Charles Sanders Peirce, after each of the nine blooms will be reduced to a symbol or metaphore.

The purpose of the analysis is to "unmask" the symbol or metaphore of the flower, which in its bosom bears the word, the power of word, the wisdom of word, the pain and happiness in the hour of birth of the word.

**Keywords:** flower, a word, flowering poetics, flower-symbol, flower- metaphore, the flower, the  semiotics of flower.